Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
20 година viti Потпис Nënshkrimi

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ
MINISTRIA E KULTURËS DHË E TURIZMIT
Бр.-Nr. 03-813/2
09.02 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019)
Министерство за култура и туризам
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61,
Телефон: (02) 3240-555,
Електронска пошта :info@kultura.gov.mk
-службеното лице за посредување со информации од јавен карактер – Сибела Алимовска, го подготви следниот:

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 01.01.2025 до 31.12.2025)**

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации:
- Сибела Алимовска, електронска пошта: sibella.alimovska@kultura.gov.mk, тел.076 653-983;
- Ана Кардула, електронска пошта: ana.kardula@kultura.gov.mk, тел. 02 3240-644.

2. Број на примени барања – **48;**

3. Број на позитивно одговорени барања **45;**

Во вкупниот број на позитивно одговорени барања се сметани и 3 барања кои согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информаци од јавен карактер се препратени на надлежност до друга институција, а барателот на информацијата беше соодветно известен.

Исто така **2 барања се делумно прифатени**.

- Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под арх. бр. УП1 03-21 на 04.06.2025 година, е поднесено од [redacted] со кое се бара доставување преписи од скенираните документи бр. 24-830/1, бр. 24-830/2 и бр. 24-830/3 од годишниот конкурс за финансирање на проекти од областа на културата за 2025 година. Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер постапувајќи по барањето, изврши тест за штетност согласно член 6 став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под арх. бр. УП1 03-21 на 25.06.2025 година, по што Министерството за култура и туризам донесе Решение, заведено под арх. бр. УП1 02.10.2025 година, со кое барањето е делумно уважено.

- Барање бр. УП1 03-781 од 13.08.2025 година, поднесено од [redacted] за доставување на конкретни испратници и фактури за проектот „Македонски искушенија“ по договор бр. 52-7702/39 од 01.12.2015 година, беше разгледано од Министерството за култура и туризам согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, при што врз основа на член 20 став (1) од законот (Службен весник на РСМ бр. 101/2019) е донесено Решение заведено под арх. бр. УП1 03-781 од 26.08.2025 година, со кое барањето за пристап до информации е делумно уважено.

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање – **1 одбиено барање** и тоа:

- **Барање** бр. **УП1 03-718** од **23.12.2024** година, поднесено од [redacted], со кое се бара да бидат доставени соодветни преписи од целокупната документација за сите службени патувања (патни налози, сметкопотврди, сметки, карти од патувања со соодветен доказ за нивно плаќање и извештаи за службените патувања со сите прилози), за периодот од месец јануари **2022** година заклучно со месец мај **2024** година, што претставува период во кој ја извршувала функцијата министер во Министерството за култура на Република Северна Македонија. Министерството за култура и туризам донесе Решение заведено под арх. бр. **УП1 03-718** од **22.01.2025** година, врз основа на член **20** став (**1**), член **6** точка **5**) и став (**2**), како и член **3** став (**1**) алинеја **2**, а во врска со став (**4**) од истиот член од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со кое се одбива барањето на барателот за пристап до информации од јавен карактер.

5. Број на неодговорени барања **0;**

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација) – **10;**

- **Жалба** заведена под број **08-269** од 23.12.2024 година, поднесена од поранешната министерка [redacted], беше заведена во Министерството за култура и туризам под арх. бр. **УП1 03-666/2024** на 13.01.2025 година. **Жалбата** беше поднесена против решението **УП1 03-666** од 02.12.2025 година по барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое се бараше препис од целокупната документација за сите службени патувања (патни налози, сметкопотврди, сметки, карти од патувања со соодветен доказ за нивно плаќање и извештаи за службените патувања со сите прилози) за периодот јануари 2022 – мај 2024 година. Согласно член 107 став 1 од Законот за општа управна постапка, Министерството изготви решение под арх. бр. **УП1 03-666/2024** од 16.01.2025 година, со кое ја одби **жалбата**, повикувајќи се на член 26 од Законот за слободен пристап до информации, врз основа на спроведен тест за штетност и препораки од Министерството за внатрешни работи (предмет бр. **44-7027/4** од 06.09.2024 година) и Државната комисија за спречување на корупција (предмет бр. **44-7874/1** од 29.08.2024 година), при што доставувањето на информациите би имало штетни последици. Незадоволна од добиеното решение, барателот на информации повторно поднесе **жалба** до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, заведена под број **08-8269** од 22.01.2025 година, против решението на Министерството. Агенцијата ја уважи **жалбата** и го задолжи имателот на информации да ги достави бараните податоци. Во согласност со тоа, Министерството донесе решение под арх. бр. 12.05.2025 година, со кое го уважи

решението на Агенцијата и го прифати барањето за информации од јавен карактер заведено под бр. **03-718/2024** од 22.01.2025 година.

- **Жалба** заведена под број **08-27** од 23.01.2025 година, поднесена од [redacted] до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, беше заведена во Министерството за култура и туризам под арх. бр. **УП1 03-4** на 24.01.2025 година, против имателот на информации – Министерството за култура и туризам, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер арх. бр. **03-4** од 08.01.2025 година, со кое се бараа информации за набавка, санација и поправка на тоалетите во Министерството (бр. **17661/2024** година). Поради тоа што имателот на информации не одговори во законски предвидениот рок од седум дена, Агенцијата донесе решение на 30.01.2025 година за запирање на постапката по **жалбата**. Меѓутоа, на 28.01.2025 година, барателот на информации извести по е-маил заведен под бр. **08-27** дека одговорот од имателот на информации е добиен со решение заведено под арх. бр. **УП1 03-4** од 24.01.2025 година, со што **жалбата** беше повлечена.
- **Жалба** заведена под бр. **08-94** од 11.03.2025 година, изјавена од [redacted] до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под арх. бр. **03-21** од 04.02.2025 година, со кое се бараа скенирани примероци од следните документи: бр. **24/830/1**, бр. **24/830/2** и бр. **24/830/3**, по кое имателот на информации не постапил во законски предвидениот рок. Агенцијата преку е-маил заведен под арх. бр. **08-94** од 11.03.2025 година ја препрати **жалбата** до имателот на информацијата и побара во рок од седум дена да се произнесе по истата. Имателот на информации до Агенцијата на 21.03.2025 година достави е-маил во кој наведува дека од надлежниот сектор е побарано да се состави записник за спроведување на тест за штетност, имајќи предвид дека бараната информација содржи податоци од сите подносители на пријави на Годишниот конкурс за реализација на проекти од национален интерес. Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер донесе Решение заведено под арх. бр. **08-94** од 26.03.2025 година, со кое се наложува имателот на информации – Министерството за култура и туризам – да го спроведе решението и да ја извести Агенцијата. Поради непостапување по Решението, Агенцијата повторно постапи и со решение заведено под арх. бр. **08-94** од 28.03.2025 година, заведено во Министерството под арх. бр. **УП1 03-31** од 28.04.2025 година, ја уважи **жалбата** поднесена на 17.04.2025 година и го задолжи имателот на информации во рок од седум дена да се произнесе и да ги достави сите списи по предметот. Министерството за култура и туризам не одговори на дописот на Агенцијата, по што на 02.05.2025 година Агенцијата донесе Решение заведено под арх. бр. **08-94** од 02.05.2025 година, заведено во Министерството под арх. бр. **УП1 03-21** од 15.05.2025 година, со кое го задолжи имателот на информации да ги достави бараните информации. Министерството донесе Решение под арх. бр. **УП1 03-21** од 21.05.2025 година, со кое делумно ја уважи **жалбата** и решението на Агенцијата. Незадоволен од делумниот одговор, барателот повторно поднесе **жалба** до Агенцијата под бр. **08-94** од 03.06.2025 година, по што Агенцијата го задолжи имателот на информации во рок од 15 дена да го спроведе нејзиното

решение. Постапувајќи по **жалбата**, одговорното лице спроведе тест за штетност согласно член 6 став (3) од Законот и изготви ново решение од 02.10.2025 година, со кое барањето беше делумно уважено. Барателот повторно поднесе **жалба** на 17.06.2025 година, која Агенцијата ја уважи со Решение бр. **08-94** од 17.06.2025 година и го задолжи имателот на информации да ја достави потребната информација. Министерството достави Решение под арх. бр. **УП1 03-21** од 10.07.2025 година, со образложение дека документите содржат лични податоци и информации за постапки кои сè уште се во тек. Незадоволен од ова решение, барателот повторно поднесе **жалба** на 21.07.2025 година, која Агенцијата ја препрати до Министерството и побара да се произнесе во рок од седум дена. Министерството на 22.07.2025 година повторно достави Решение под арх. бр. **УП1 03-21** од 10.07.2025 година, а по разгледување на **жалбата**, Агенцијата ја уважи истата и со Решение заведено под арх. бр. **08-94** од 27.08.2025 година го задолжи имателот на информации да ги достави бараните информации во рок од седум дена и го врати предметот на повторно постапување пред првостепениот орган.

- **Жалба** заведена под архивски број **08-132** од 14.04.2025 година, поднесена од [redacted] против имателот на информации – Министерството за култура и туризам, беше заведена во Министерството под арх. бр. **УП1 03-438** на 14.05.2025 година. По ова, Агенцијата донесе решение на 28.04.2025 година со кое **жалбата** се уважуваше и Министерството беше задолжено да постапи во рок од 15 дена. Министерството достави решение на 12.05.2025 година со кое ги достави бараните информации, но поради незадоволство барателот повторно поднесе **жалба** (арх. бр. УП1 03-438 од 29.05.2025 година), која беше уважена со задолжување информациите да се доставаат на начин и во форма утврдени во барањето, по што Министерството донесе решение од 11.06.2025 година. Барателот повторно поднесе **жалба** заведена под арх. бр. УП1 03-438 од 19.06.2025 година, по што Министерството донесе ново решение од 10.07.2025 година со кое повторно ги одобри бараните информации. По поднесената **жалба** до Агенцијата под бр. **08-286** од 11.07.2025 година, истата беше одбиена, при што решението на имателот на информацијата беше потврдено.
- **Жалба** заведена под арх. бр. **08-341** од 01.07.2025 година, поднесена од [redacted] преку полномошник [redacted], беше заведена во Министерството за култура и туризам под арх. бр. **УП1 03-661** на 02.07.2025 година. **Жалбата** се однесуваше на неовозможување пристап до информации – молчење на администрацијата по Барање за пристап до информации од јавен карактер бр. **УП1 03-661** од 03.06.2025 година, со кое се бараше електронски запис за обуки за јавни набавки на кои присуствувале вработените во Министерството во периодот 01.01.2023 – 31.05.2025 година, вклучувајќи датум и место на обуката, наслов, број на учесници, организатор, цена по лице и вкупен број на лица. Согласно член 107 став 1 од Законот за општа управна постапка, Министерството за култура и туризам, согласно законски предвидениот рок од 7 дена, ја уважи **жалбата** и донесе решение под арх. бр. **УП1 03-661** од 10.07.2025 година, со кое ги одобри бараните информации.
- **Жалба** заведена под архивски број **08-347** од 02.07.2025 година, поднесена од [redacted] со полномошно од [redacted], против имателот на информации – Министерството за култура и

туризам, заведена со арх. бр. **УП1 03-666** на 15.07.2025 година. **Жалбата** беше поднесена по Барање за пристап до информации од јавен карактер арх. бр. **УП1 03-666** од 04.06.2025 година, со кое се бараше електронски запис за тоа колку средства биле потрошени од Министерството за култура и туризам за патувањето, престојот и сместувањето на делегацијата пратена на ЕКСПО 2025 во Јапонија, со посебни податоци за министерот за култура, Зоран Љутков, и неговата шефица на кабинет. Поради непостапување во законскиот рок, Агенцијата со електронски запис (допис бр. **08-347** од 02.07.2025 година) ја препрати **жалбата** до имателот на информации, побарувајќи во рок од 7 дена да се произнесе и да ги достави списиите до Агенцијата. Имателот на информации не одговори, по што беше утврдено дека не постапил согласно Законот за слободен пристап до информации, и барањето се смета за одбиено согласно член 20 став 3. Министерството за култура и туризам потоа изготви решение под арх. бр. **УП1 03-666** од 11.07.2025 година, со кое го одобри пристапот до бараните информации.

- **Жалба** заведена под архивски број **08-583** од 17.11.2025 година, поднесена од [redacted] до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, а заведена во Министерството за култура и туризам под арх. бр. **УП1 03-1812** од 18.11.2025 година, со која се бара доставување на информации за спроведен инспекциски надзор над Здружението за заштита на авторски и музички права – ЗАМП во однос на доставување на финансиски извештај за 2024 година до Владата согласно член 154 од Законот за авторско право и сродните права, евентуална поведена прекршочна постапка против ЗАМП поради недоставување на извештајот во законски утврдениот рок, како и копија од мислењето на Министерството и материјалите од ЗАМП доставени до Владата во обем во кој истите се јавно достапни; по постапување по барањето заведено под арх. бр. **УП1 03-1812** од 21.10.2025 година, Министерството донесе Решение од 25.11.2025 година со кое барањето се одобрува, но по поднесена повторна **жалба** од барателот заведена под арх. бр. **08-583** од 27.11.2025 година, Агенцијата со Решение од 04.12.2025 година ја уважи **жалбата** и предметот го врати на повторно постапување пред првостепениот орган исклучиво во однос на точка 3 од барањето, по што Министерството донесе решение со кое **жалбата** се уважува и се постапува согласно насоките дадени од второстепениот орган.
- **Жалба** заведена под архивски број **08-455** од **26.08.2025** година, поднесена од [redacted] до Агенцијата заштита на правото до слобоиден пристап на информации од јавен карактер по предмет Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под арх.бр. **УП1 03-779** од **31.07.2025** година со кое се бара доставување на список на одобрени капитални проекти на единици на локална самоуправа за финансирање од Министерството од вториот повик по потпрограмата АА (со поединечна сума по проект и по општина). Агенцијата ја препрати **жалбата** до Имателот на информации Министерство за култура и туризам во електронска форма со цел да се произнесе во рок од **7** дена и да ги достави сите списи во врска со предметот до Агенцијата. По постапување, Агенцијата донесе прво решение заведено под арх. бр. **08-455** од **03.09.2025** година (заведено во Министерството за култура и туризам под арх. бр. **УП1 03-779** од **19.09.2025** година) и второ решение од Агенцијата под arch. бр. **08-455** од

**10.10.2025** година (заведено под арх. бр. **УП1 03-779** од **10.10.2025** година), по што Министерството за култура и туризам донесе Решение под арх. бр. **УП1 03-21** од **24.01.2025** година, со кое се одобрува барањето за пристап до информации од јавен карактер по предметот заведено под арх. бр. **УП1 03-779** од **31.07.2025** година.

- **Жалба** заведена под архивски број **08-475** од **09.09.2025** година, поднесена од [redacted] до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, а заведена во Министерството за култура и туризам под арх. бр. **УП1 03-662** од **15.09.2025** година, е поднесена поради тоа што имателот на информации не одговорил на Барањето за пристап до информации од јавен карактер арх. бр. **УП1 03-662** од **03.06.2025** година, со кое се бараше список на поединечно доделени средства преку Министерството до крајните корисници – невладини организации, здруженија и фондации во текот на **2024** година, вклучувајќи податоци за името на правниот субјект, назив на проектот, износ на доделени средства, начин на доделување преку јавен оглас и буџетска ставка. Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер ја уважи **жалбата** заведена во Министерство за култура туризма **УП1 03-666** од **15.07.2025** година и го задолжи имателот на информации во рок од **7** дена согласно член **107** став **1** од Законот за општа управна постапка да ги достави сите списи во врска со предметот. Постапувајќи по **Жалбата** поднесена против Министерство за култура и туризам, Агенцијата донесе решение заведена под arch. бр. **08-475** од **09.09.2025** година, а во Министерство за култура и туризам под arch.бр. бр. **УП1 03-662** од **15.09.2025**, со што имателот на информации е должен да го спроведе Решението во рок од **15** дена и да ја извести Агенцијата, што е потврдено со решение на Агенцијата под arch. бр. **УП1 03-662** од **25.09.2025** година.
- **Жалба** заведена под број **08-510** од **17.10.2025** година во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, а заведена во Министерството за култура и туризам под арх. бр. **УП1 03-864** од **28.10.2025** година, поднесена од [redacted] против Решението на Министерството бр. **УП1 03-854** од **02.10.2025** година по предмет на Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое барал информации за бројот на вработени во Министерството кои примиле јубилејни награди по категории според работен стаж (**11–19** години, **21–29** години и **31–39** години). Поради непостапување во законски предвидениот рок, барателот претходно поднел **жалба** под бр. **08-510** од **29.09.2025** година, која Агенцијата ја отфрли како ненавремена. На **03.10.2025** година имателот известил дека постапил по барањето, но барателот повторно поднел **жалба** на **17.10.2025** година поради нецелосност и нејаснотија во доставените информации, наведувајќи дека не е утврдено кога се извршени уплатите на јубилејните награди и врз основа на кој пропис. Агенцијата ја препрати **жалбата** до имателот по е-маил и побара во рок од **7** дена доставување на сите списи, по што ја уважи **жалбата**, го поништи оспореното решение **УП1 03-864** од **02.10.2025** година и го врати предметот на повторно постапување пред првостепениот орган. Иако имателот отпочнал првостепена постапка и донел решение со кое делумно ги достави податоците, не одговорил на поднесокот на барателот од **06.10.2025** година. На крај, Министерството донесе Решение бр. **УП1 03-864** од **31.10.2025**

година, со кое се одобрува пристап до целокупните барани информации од Барањето бр. **УП1 03-864** од **20.08.2025** година.

7. **Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата – 10;**

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата- **нема;**

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање **– 1;**

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање **- нема;**

**Скопје, 23.01.2025 г.**

**МИНИСТЕР**
**Зоран Љутков**

Подготвиле: Сибела Алимовска, службено лице
Ана Кардула, службено лице